| **Сценарио за час** | | | **Предмет: Граѓанско образование за VIIодд** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Тема: ЕТИКА И РЕЛИГИЈА** | | | **Второ поглавје: Религијата денес** | | |
| **Наставна единица: Јудаизам** | | | | | |
| **Изготвил:** **др. Пеце Трифуновски** | | | | | |
| **Адаптирал:** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| (религии: јудаизам; религиска припадност: Јудејци/Евреи,; верски објекти: синагоги, свештеници: рабин; Талмуд, Танах. Бог Јахве; правото на религиска слобода и слобода на уверување; меѓурелигискиот дијалог) | - Го опишува јудаизмот, преку неговитите основни карактеристики.<br>- Ја објаснува улогата на религијата како извор на утеха и смисла на животот.<br>- Го објаснува влијанието на религијата врз моралните вредности и однесувања. | 1<br>Ноември | **Воведни активности:**<br>Повторување на градивото од претходниот час. Усни одговори од страна на учениците за прашањата поставени од наставникот. Евидентирање на активноста на учениците.<br>Временска рамка: околу 5мин.<br>**Главна активност:**<br>Наставникот започнува дискусија за тоа што учениците знаат за јудаизмот. Наставникот го образложува Јудаизмот како најстарата монотеистичка религија која проповеда вера во еден Бог – Јахве. Светата книга Танах – еврејската библија, кај христијаните позната како стариот завет. и како се однесуваат. Светата книга Талмуд голема збирка на еврејски текстови со различна содржина. Важни личности во историјата на еврејската религијата: Авраам и Мојсеј. Најзначајни празници - Јом Кипур, Рош Хашана и Пасха. Симболите на јудаизмот-Давидова ѕвезда и менора – нивното значење за евреит. Храмови во кои се практикува религијата - синагогите.<br>Временска рамка: околу 25мин.<br>**Завршна активност**<br>Кратка дискусија за кое е мислењето за јудаизмот на учениците после наученото. Наставникот ги охрабрува учениците да истражуваат повеќе за оваа религија.<br>Временска рамка: околу 5мин.<br>**Рефлексија:**<br>Повторување на градивото од тековниот час. Усни одговори од страна на учениците за прашањата поставени од наставникот.<br>Временска рамка: околу 5мин. | Учебник<br>Дигитални паметни (смарт) уреди<br>Енциклопедии, речници<br>Списанија, весници, интернет-портали, социјални мрежи<br>компјутер, ЛЦД проектор<br>Аудиовизуелни снимени содржини, апликации, прилагодени на возраста | Усни одговори на прашања<br>Учество во активностите<br>Придонес во активностите<br>Извршување на поставените задачи<br>Писмени одговори во наставен лист<br>Практична изведба |

resursi.literatura.mk